Бр./Nr 12-1311/5

15-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1311/1 од 10.04.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето ---- - заменик директор на Управата за јавни приходи – Регионална дирекција ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај е постапено од страна на други надлежни органи.

Предметот со бр. 12-1311/1 од 10.04.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 10.04.2025 година, поднесена е пријава против лицето ---- - заменик директор на Управата за јавни приходи – Регионална дирекција ---- и оформен е предмет бр. 12-1311/1 од 10.04.2025 година.

Подносителот на пријавата навел дека во повеќе медиуми било објавено дека против заменикот директор на Управата за јавни приходи – Регионална дирекција ----, од страна на Секторот за внатрешни работи – ---- имало поднесено кривична пријава за злоупотреба на службена должност. Исто така, на горенаведеното лице му биле одземени овластувањата, но на денот на поднесувањето на оваа пријава, но по извесен период повторно му биле вратени и истото лице потпишувало акти.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во прилог доставува допис – Известување КО. бр. ---- од 17.09.2025 година со кое Основното јавно обвинителство ---- (понатаму: ОЈО ----) известува дека на ден 27.03.2025 во ОЈО ---- била доставена кривична пријава Ку.бр. ---- од 22.03.2025 против лицето ---- од ---- за кривично дело Злоупотрба на службена положба и овластување по член 353 став 1 од Кривичниот Законик. По поднесената пријава во ОЈО ---- бил формиран предметот КО бр. ----. Јавниот обвинител постапувајќи по пријавата го сослушал пријавениот, сведокот ----, прибавил материјални докази што се однесувале на договори за вработување, листа од казнена евиденција, додека сведокот ---- не била сослушана од причини што видно од известувањата на СВР ----, истата не се наоѓала во државата. По разгледувањето на материјалите и вербалните докази јавниот обвинител на ден 04.04.2025 година донел решение за отфрлање на кривичната пријава.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган, каде постапката се завршена и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор